**20261331909**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јуни 2026 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.27/26, 58/26 и 103/26), во членот 2 став (2) во табелата во подмерката 1.2. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ алинејата 9 се менува и гласи:

„- Висината на поддршката од алинеите 3, 4, 5, 6 и 7 од оваа подмерка е условена со продадена/предадена минимум 30% од минимално утврдената количина согласно Прилог 7, кој е составен дел од оваа уредба во период од 1 јануари 2026 година до 31 декември 2026 година на откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи или на оператори со храна регистрирани во Регистарот на објекти и оператори со храна од неживотинско потекло кој го води Агенцијата за храна и ветеринарство, со исклучок во случај кога има спроведено постапка за природна непогода согласно Законот за заштита и спасување, како и во случај кога земјоделските стопанства имаат подигнато лозови и овошни насади во периодот од 1 октомври 2022 година до 31 мај 2026 година и истите се евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства;“.

Во подмерката 1.3. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ во алинејата 4 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По алинејата 4 се додава нова алинеја 5 која гласи:

„- Висината на поддршката од алинеите 3 и 4 од оваа подмерка е условена со продадена/предадена минимум 30% од минимално утврдената количина согласно Прилог 8, кој е составен дел од оваа уредба во период од 1 јануари 2026 година до 31 декември 2026 година на откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи или на оператори со храна регистрирани во Регистарот на објекти и оператори со храна од неживотинско потекло кој го води Агенцијата за храна и ветеринарство, со исклучок во случај кога има спроведено постапка за природна непогода, согласно Законот за заштита и спасување и“.

Член 2

Во член 3 ставот (1) се менува и гласи:

„Директните плаќања во земјоделството за 2026 година ќе се извршуваат според поднесени барања за финансиска поддршка и рокови за поднесување на барањата и/или според доставени податоци до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој или проверени од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој по службена должност според податоци во соодветните регистри и евиденции.”.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Реализацијата на подмерките 1.1., 1.2., 1.3., 1.7. и 1.9. од членот 2 став (2) од оваа уредба, како и подмерките 3.2 и 3.5. од членот 2 став (4) од оваа уредба ќе се врши според податоци за откупени количини на житни, овошни, лозови и градинарски култури, кравјо, овчо и козјо млеко, заклани говеда и јагниња за период од 1 јануари 2026 година до 31 декември 2026 година, кои до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе ги доставуваат регистрираните откупувачи на житни, овошни, лозови и градинарски култури, сурово млеко и кланиците. Производителите кои дел од своето производство го продале/предале на регистрирани одгледувачи на добиток или регистрирани оператори со храна доказот за продадени/предадени земјоделски производи (испратница, приемница, фактура, извод од жиро сметка или извод од трансакциска сметка, договор за купопродажба заверен на нотар и потврда од ветеринарно друштво за бројна состојба на животните за одгледувачите кои имаат регистрирано одгледувалиште на свињи и живина), треба да го достават до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.“.

Ставот (11) се брише.

Ставот (12) станува став (11).

Во ставот (13) кој станува став (12) зборовите „ставот (12)“ се заменуваат со зборовите „ставот (11)“.

Во ставот (14) кој станува став (13) зборовите „ставот (13)“ се заменуваат со зборовите „ставот (12)“.

Во ставот (15) кој станува став (14) во воведната реченица зборовите „ставот (13)“ се заменуваат со зборовите „ставот (12)“.

Ставовите (16), (17) и (18) стануваат ставови (15), (16) и (17).

Во ставот (19) кој станува став (18) зборовите „ставовите (16), (17) и (18)“ се заменуваат со зборовите „ставовите (15), (16) и (17)“.

Ставот (20) станува став (19).

Во ставот (21) кој станува став (20) зборовите „ставовите (16), (17), (18), (19) и (20)“ се заменуваат со зборовите „ставовите (15), (16), (17), (18) и (19)“.

Ставовите (22), (23), (24), (25) и (26) стануваат ставови (21), (22), (23), (24) и (25).

Член 3

Прилогот 4 се заменува со нов Прилог 4, кој е составен дел на оваа уредба.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

Бр. 57-4796/8
16 јуни 2026 година
Скопје

**Прилог 4**

Максимални приноси на одделни градинарски култури по хектар

| Градинарска култура | На отворено во тони на хектар | Во заштитен простор во тони на хектар (освен кај кромид) |
|---|---|---|
| Диња | 40 | 60 |
| Лубеница | 80 | 120 |
| Домат | 80 | 130 |
| Пиперка | 50 | 120 |
| Модар патлиџан | 80 | 120 |
| Зелка | 80 | 120 |
| Карфиол | 30 | 90 |
| Компир | 30 | 32 |
| Корнишони | 40 | 60 |
| Кромид | 60 | 15 кг/м2<br>(млад кромид) |
| Праз | 50 | 120 |
| Морков | 40 | 80 |
| Цвекло | 60 | 60 |
| Спанаќ | 25 | 40 |
| Тиква | 40 | 60 |

**Прилог 8**

Минимално остварено производство на одделни градинарски култури по хектар

| Градинарска култура | На отворено во тони на хектар | Во пластеници во тони на хектар |
|---|---|---|
| Диња | 15 | 25 |
| Лубеница | 20 | 30 |
| Домат | 25 | 50 |
| Пиперка | 15 | 35 |
| Модар патлиџан | 20 | 35 |
| Зелка | 25 | 40 |
| Карфиол | 15 | 25 |
| Компир | 20 | 25 |
| Корнишони | 10 | 25 |
| Кромид | 20 | 25 |
| Праз | 15 | 25 |
| Морков | 20 | 30 |
| Цвекло | 20 | 30 |
| Спанаќ | 10 | 20 |
| Тиква | 15 | 25 |
| Краставица | 20 | 30 |
| Грав | 500 | / |
| Боранија | 15 | 20 |
| Грашок | 8 | 10 |
| Кељ | 10 | 20 |
| Лук | 10 | 15 |
| Тиквичка | 15 | 20 |
| Зелена салата | 10 | 20 |
| Брокула | 10 | 15 |
| Целер | 15 | 20 |
| Пашканат | 15 | 20 |